SIGAL MK Insurance Group

Општи услови за мини каско осигурување

Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје со седиште на Бул.Илинден број 1, 1000 Скопје,тел.број 02 3288 800, факс 02 3215 128, www.sigal.com.mk
Овие услови се донесени на редовна седница на Управниот одбор одржана на 04.11.2026 година и со одлука број 0202-134 од 04.11.2026 год се применуваат од 10.11.2026 година

Воведни одредби

Одделните изрази употребени во овие услови ги имаат следните значења:

1. Осигурувач - друштво за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје;
2. Договорувач на осигурување - лице кое со осигурувачот склучило договор за осигурување;
3. Осигуреник - лице наведено како осигуреник во полиста за осигурување;
4. Премија - износ што се плаќа по договорот за осигурување;
5. Сума на осигурување - износ на кој возилото, предметот односно имотниот интерес е осигурен;
6. Осигурен случај - настан кој може да доведе до остварување на оштетно побарување - иден, неизвестен и независен од исклучивата волја на договарачот и осигуреникот;
7. Полиса - исправа за договорот за осигурување.
8. Интернет продажба-продажба на осигурување преку услуги на информатичко општество што се обезбедуваат за надомест-премија на далечина без истовремено присуство на договорните страни,со користење на електронски средства и на лично барање на договарачот на осигурување или осигуреникот.
9. Договорот за осигурување во случај на класична продажба на полиси е склучен кога осигурувачот и договарачот ќе ја потпишат своерачно полисата за осигурување.(без користење на електронски средства)
10.Сообраќајна незгода е настан на патот или на друга сообраќајна површина (излегување на возилото од гаража, двор, паркиралиште, стојалиште, двор, некатегоризиран пат или од површина на која не се одвива сообраќај на возила) во кој учествувало најмалку едно возило и во кој е предизвикана материјална штета или најмалку едно лице е повредено, загинало или од последиците на таа сообраќајна незгода починало во рок од 30 дена .
11.Сопственик на возило – правно или физичко лице кое во сообраќајната дозвола или друг правно релевантен акт е назначено како сопственик на осигуреното возило
12. Осигурено возило-патничко моторно возило наменето за превоз на лица со најмалку 4 тркала, кое покрај седиштето за возачот, има уште најмногу 8 седишта (категорија М1) и моторно возило за превоз на стоки чија најголема маса не е поголема од 3,5 тони (категорија N1), а кое е прописно регистрирано и има важечка сообраќајна дозвола

Општи одредби

Член 1

Почеток и престанок на обврските на осигурувачот

(1) Договорот за осигурување е склучен кога договорувачите ќе ја потпишат полисата за осигурување.

(2) Полисата има покритие само за еден осигурен случај што ќе настане во периодот на осигурување и за осигурениот ризик дефиниран согласно овие услови и полисата за осигурување.

(3) Обврските на осигурувачот, односно почетокот на осигурувањето од договорот за осигурување започнуваат по истекот на 24 часот на денот што во полисата за осигурување е означен како почеток на траење на осигурувањето, ако до тој ден е платена договорената премија, доколку поинаку не е договорено .

(4) Обврските на осигурувачот престануваат по истекот на 24 часот на денот што во исправата за осигурување е означен како ден на истек на осигурување.

(5) Договорот за осигурување се склучува за период на траење од една година, и истиот не се продолжува автоматски.

(6) Доколку Осигуреникот во моментот на склучување на предметната полиса, има веќе активно покритие за покривање на ризиците согласно овие Општи услови, должен е да го извести СИГАЛ Иншуренс Груп за податоците на другиот осигурител, како и за осигурената сума.

Доколку Осигуреникот намерно или поради небрежност не ја исполни оваа обврска, Осигурителот има право да ја раскине полисата за осигурување и да не ја врати платената премија.

Во случај на двојно осигурување, вкупниот надоместок исплатен по двата договора не може да биде поголем од вредноста на штетата, намалена за франшиза.

Член 2

Влијание на промена на сопственоста на возилото врз договорот за осигурување

(1) Со промена на сопственоста на осигуреното возило, договорот за осигурување престанува во 24 часот од денот кога новиот сопственик го презел возилото.

(2) По барање на новиот сопственик и плаќање на соодветен доплаток на премијата, Друштвото за осигурување може да направи промена на осигуреникот.

(3) Поранешниот сопственик нема право на враќање на премијата за неискористениот период.

Член 3

Плаќање на премија

(1) Премијата за осигурување договорувачот на осигурувањето ја плаќа при склучувањето на договорот, ако поинаку не е договорено.

Последици од неплаќање на премијата :

1. Ако е договорено премијата да се плаќа при склучувањето на договорот, обврската на осигурувачот да го исплати надоместот или сумата определена со договорот почнува наредниот ден од денот на уплатата на премијата.
2. Ако е договорено премијата да се плаќа по склучувањето на договорот, обврската на осигурувачот да го исплати надоместот или сумата определена со договорот почнува од денот определен во договорот како ден на почеток на осигурувањето.
3. Во секој случај договорот за осигурување престанува според самиот закон ако премијата не биде платена во рок од една година од стасаноста.

(2) Ако премијата се плаќа со посредство на Пошта или Банка кај која се води сметката на осигурувачот,ќе се смета дека премијата е платена кога до банката кај која се води сметката на осигурувачот ќе пристигне парична дознака во корист на осигурувачот,или налог вирман од банката на договарачот да и го одобри на сметката на осигурувачот износот назначен во налогот.

(3) Премијата се плака готовински или вирмански -под готовинско плакање се смета уплата на готови пари или со платежна картичка, на благајната на осигурувачот

Член 4

Враќање на премија

(1) Ако осигуреното возило биде уништено пред почетокот на обврските на осигурувачот, на договорувачот на осигурување му се враќа износот на наплатената премија.

(2) Премијата се враќа по писмено барање на договорувачот на осигурувањето.

Член 5

Обврски на осигуреникот кога ќе настане осигурен случај

(1) Кога ќе настане осигурен случај врз основа на кој се бара надомест за осигурување, осигуреникот е должен:

1. Веднаш да ги преземе сите мерки кои се во негова можност за отстранување и намалување на штетата, оштетениот осигурен предмет да го обезбеди од натамошни оштетувања;

2. Веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена, по дознавањето на штетата, да му пријави на осигурувачот дека на осигуреното возило настанала штета со остварување на осигурен случај и колку е можно побргу, а најдоцна во рок од три дена, писмено да ја потврди пријавата, на некој од следните начини :

-Осигуреникот го доставува оштетното побарување до Друштвото за осигурување во писмена форма,на образец предвиден од осигурувачот-Пријава на штета.

-Оштетното побарување може да се поднесе лично или преку полномошник ,директно во архивата на Друштвото на адресата на нејзиното седиште или во било која подружница на Друштвото.

-Оштетното побарување може да се поднесе и преку пошта или по електронски пат на следната емаил адреса: info@sigal.com.mk

3а). Да ги пријави сите штетни настани на надлежните органи за внатрешни работи, а со цел извид на штетниот настан од страна на службени лица од лице место за време на случување на сообраќајната незгода/штетниот настан и на Осигурувачот му достави Записник за увид на лице место или,

3б). Да состави и потпише европски извештај, само под услови кои се дефинирани согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, како и фотографии од местото на незгодата;

4. До увидот на оштетувањата од страна на претставникот на осигурувачот да не ја промени положбата на оштетените, односно уништените предмети, освен ако промената е нужна во јавен интерес или поради смалување, односно спречување на зголемување на штетата;

5. На осигурувачот да му ги даде сите податоци со кои располага а кои се неопходни за утврдување на причината, обемот и висината на штетата;

6. Доколку осигуреникот не ги приложи бараните податоци и докази се смета дека не го докажал настанувањето на осигурителниот случај, односно висината на штетата.

Член 6

Договорен самопридржај (франшиза)

(1) Ако со полисата за осигурување е договорено осигуреникот да сноси еден дел од штетата (договорен самопридржај - франшиза), кога ќе настане осигурен случај, надоместот се утврдува така што на товар на осигуреникот паѓа делот на штетата во висина на договорениот самопридржај.

Член 7

Правна положба по настанување на осигурен случај

(1) По настанување на осигурен случај и исплата на надомест од осигурување,осигурувањето и полисата за Мини каско престануваат.

Член 8

Писмена форма

(1) Договорувањата што се однесуваат на содржината на договорот за осигурување полноважни се само ако се склучени во писмена форма.

(2) Сите известувања и изјави што се даваат по одредбите од договорот за осигурување мора да бидат дадени во писмена форма, со исклучок на известувањата на осигурувачот според член 10 од овие услови.

Член 9

Измена на условите за осигурување и тарифата на премии

(1)Ако осигурувачот за времетраењето на договорот за осигурување, ги измени условите за осигурување или тарифата на премии, тие се применуваат од следниот период на осигурување (прво наредно скаденцирање).

Член 10

Територијално важење на осигурувањето

(1) Осигурителното покритие важи исклучиво за штети настанати на осигурителното возило на територијата на Република С.Македонија.

Член 11

Осигурен случај

Материјална штета на осигуреното возило настаната како резултат на сообраќајна незгода со употреба на најмалку две возила на територијата на Република С.Македонија, при што во согласност со договореното осигурително покритие, настанот се докажува со :

• Европски извештај, придружени со фотографии од лице место на незгодата и/или

• Записник за увид на лице место од МВР

Член 12

Исклучоци

1) Во случај на настанување на сообраќајна незгода, Осигурувачот нема обврска да исплати надомест на штета за :

a. Нематеријална штета/телесни повреди

b. Штети предизвикани поради намерни или обидени намерни дејствија на Осигуреникот и/или кога Осигуреникот е под дејство на алкохол, дрога или други наркотични средства, или кога Осигуреникот одбива да се подложи на соодветното тестирање или го напушти местото на незгодата .

c. Загуби или оштетувања на осигуреното моторно возило за време на неговото задржување и поправка во сервис

d. Штети предизвикани од или како последица на војна од кој било вид, инвазија, други вооружени судири, без оглед дали е објавена војна или не, граѓанска војна, прогласување воена состојба, вонредна состојба, граѓански немири, револуција, сепаратистички движења, народно востание, бунтови, револти, пуч, државен удар, егзодус, саботажа, конфискација, реквизиција, присилна национализација извршена по наредба на која било влада или државен орган, немири, штрајкови, локаут или тероризам

e. Штети предизвикани поради движење на возилото по патишта кои не се евидентирани или не се дозволени за сообраќај

f. Штети или загуби на предмети, лични работи, стока или багаж што се наоѓале во осигуреното возило во моментот на осигуреният случај

g. Штети предизвикани од или како последица на небрежност на Осигуреникот или непреземање превентивни мерки

h. Штети предизвикани при користење на возилото во овластени или неовластени спортски настани, на патишта или делови од патишта кои не се дозволени за управување со возило, за постигнување високи просечни брзини или за тренинг за натпревари

i. Изгубена добивка

j. Доколку осигуреникот не поседува воопшто возачка дозвола,или управува со возило без соодветна возачка дозвола за управување на тој вид на возило или на осигуреникот возачката дозвола му била одземена или привремено одземена, односно се извршувала определена казна или заштитна мерка за забрана на возење на возило од определен вид или категорија, односно заштитна мерка на забрана на употребата на странска возачка дозвола на територијата на Република Северна Македонија, заштитна мерка одземање на возачка дозвола или казна на престанување на важењето на возачката дозвола;

Ќе се смета дека возачот го управува возилото без возачка дозвола доколку станува збор за возач - почетник и се исполнети условите согласно член 277 од ЗБСП

k. Незгода за која постои сомневање и/или е докажано дека Осигуреникот ја презел вината за незгодата

l. Штети предизвикани од возило кое во моментот на незгодата немало важечки сертификат за технички преглед

m. Поради тоа што возилото е ставено во погон пред конечната поправка, освен ако се работи за штета настаната по привремената поправка што треба да овозможи движење или влечење на возилото до работилницата која треба да изврши друга привремена или конечна поправка

n. За време на превезувањето со друго превозно средство

o. Посредни штети, со остварување на осигурениот случај, како: загуба на заработувачка, денгуба, казна, трошоци за користење на изнајмено возило, плаќање по основ на одговорност

p. Штети на деловите на возилата на кои се врши поправка поради нестручно извршена поправка, миење и подмачкување на возилото
q. Доколку штетатата настанала од ризици неименувани со овие услови
r. Дополнително вградени пневматици, бандаши и останата вонстандардна опрема (осигурувачот е во обврска да надомести само фабрички/ стандардни вградени пневматици/бандаши и опрема, или опрема со кои возилото е применo во осигурување)
s. Штети причинети при учество на возилото во натпревари заради постигнување најголема или просечна брзина, рели-натпревари или возење за оцена вклучувајќи го и службениот тренинг за тоа
t. Сообрајни незгоди за кои не е изготвен Записник за увид на лице место, односно Европски извештај согласно член 5 од овие услови
u. Доколку осигуреното возило било користено како такси возило, или пак како рент а кар возило .

Член 13

Осигурена сума

1) Осигуреният ризик согласно Полисата за осигурување се покрива до осигурената сума утврдена во полисата намален за франшизата, но во ниту еден случај не повеќе од пазарната вредност на возилото.

Член 14

Престанок на полисата

1) Договорот за осигурување престанува :
a. Договорот за осигурување е ништовен доколку се утврди дека осигуреният ризик не постоел или престанал да постои пред склучувањето на договорот
b. Со престанокот на имотниот интерес на Осигуреникот врз возилото (вклучително и промена на сопственоста)
c. По настанување на осигурен случај и исплата на надомест од осигурување
d. Доколку Осигуреникот склучил повеќе осигурувања со цел да оствари незаконска корист, договорот за осигурување се смета за ништовен, а Осигурувачот ја задржува премијата.

Член 15

Постапка за пријава на штета

(1) Оштетеното лице или корисникот на осигурување го доставува оштетното побарување во рок од 3 дена по дознавањето на штетата до Друштвото за осигурување во писмена форма,на образец предвиден од осигурувачот-Пријава на штета.
(2) Оштетното побарување може да се поднесе лично или преку полномошник ,директно во архивата на Друштвото на адресата на нејзиното седиште или во било која подружница на Друштвото.
(3) Оштетното побарување може да се поднесе и преку пошта или по електронски пат на следната емаил адреса: info@sigal.com.mk
(4) Кога договорот за осигурување е склучен преку осигурително брокерско друштво осигуреникот може да побара помош од страна на осигурителното брокерско друштво во случај на настанување на осигуреният случај.
(5) Друштвото е должно најдоцна во рок од 14 дена од денот на поднесување на барањето за надомест на штета да провери дали кон барањето за надомест е доставена потребната документација за реализација на оштетното побарување и да изврши увид и проценка на оштетувањата.
Доколку барањето е некомплетно ,осигурувачот во рокот од 14 дена, по писмен или електронски пат е должен до осигуреникот или од него овластено лице, да побара да се комплетира барањето .
(6) Осигурувачот може да донесе одлука за решавање на штетата и во случај кога осигуреникот не постапил по најмалку две последователни барања за доставување на дополнителна документација од став 3 на овој член,но ваквата одлука не може да биде донесена во рок пократок од 90 дена од денот на поднесување на барањето за штета.
(7) Осигуреникот/договорувачот, се должни да поднесат барање за надомест на штета на начин и рокови дефинирани со овие услови . Доколку истото лице поведе судска постапка за надомест на штета без да поднесе вонсудско барање за надомест на штета, или поведе судска постапка пред истек на рокот определен за осигурувачот вонсудски да даде одговор на поднесеното барање, таквата тужба согласно овие услови ќе се смета за преуранета и неоснована, и трошоците за истата се на товар на тужителот

Член 16

Суброгација

(1) Со исплатата на надоместот од осигурувањето преминуваат врз осигурувачот, според самиот закон, до висината на исплатениот надомест, сите права на осигуреникот спрема лицето кое по која и да е основа е одговорно за штетата.
(2) Ако по вина на осигуреникот е оневозможено ова преминување на правата врз осигурувачот, во целост или делумно, осигурувачот се ослободува во соодветна мера од својата обврска спрема осигуреникот.
(3) Преминувањето на правата од осигуреникот врз осигурувачот не може да биде на штета на осигуреникот, па ако надоместот што осигуреникот го добил од осигурувачот од каква и да е причина е понизок од штетата што ја претрпел, осигуреникот има право од средствата на одговорното лице да му се исплати остатокот на надоместот пред да се исплати побарувањето на осигурувачот врз основа на правата што преминале врз него.

Член 17

Осигурена сума

Штетата настаната на осигуреното возило како резултат на осигуреният случај се покрива до осигурената сума утврдена во полисата, но во ниту еден случај не повеќе од пазарната вредност на возилото.

Член 18

Доверливост и заштита на личните податоци

(1)Друштвото за осигурување е должно сите податоци за осигурениците и/или други корисници на осигурување со кои се стекнале во текот на вршењето на работи на осигурување, да ги третираат како доверливи податоци.
(2)Обврската за чување на доверливи податоци нема да се применува во следниве случаи:
1) ако податоците се потребни за утврдување на факти во кривични постапки или друга судска постапка и ако од надлежниот суд е добиено писмено барање за доставување на податоци;
2) во случаи предвидени со Законот за спречување перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам;
3) ако податоците се потребни за одредување на правните односи меѓу друштвото за осигурување и негов осигуреник и/или друг корисник на осигурувањето при спроведување на законски постапки;
4) ако податоците се потребни заради извршување на присилни постапки над недвижен имот на осигуреник или друг корисник на осигурувањето, и ако од надлежниот суд е добиено писмено барање за доставување на податоци;
5) ако податоците се побарани од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување или друг надлежен орган за супервизија, а заради спроведување на супервизија во рамките на утврдените одговорности;
6) ако податоците се побарани од страна на даночен орган, а во врска со водење на постапки во негова надлежност и
7) во случаите предвидени со законот кој го уредува задолжителното осигурување.
(3) Осигурувачот постапува исклучиво по поднесено писмено барање од барателот на информацијата.

Член 19

Завршни одредби

(1) Во случај кога осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека друштвото за осигурување не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка до

1. Организационата единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување (комисија за постапување по преставки)
2. Службата за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување;
3. Организацијата за заштита на потрошувачи и
4. Агенцијата за супервизија на осигурување.

Преставката може да се поднесе во писмена форма лично или преку полномошник, директно во архивата на Друштвото на адреса на седиштето , по пошта или електронски пат на маил адресата info@sigal.com.mk , или во било која подружници на Друштвото .

Друштвото за осигурување преку воспоставен систем и интерни процедури одлучува по поднесените преставки во рок од 30 дена од денот на поднесување на преставката

Друштвото води регистар на доставени и решени преставки и за истите во законските рокови е должно да ја известува агенцијата за супервизија на осигурувањето.

Доколку спорот не решен во постапка по приговор ,секоја од страните во спорот може да и предложи на другата страна поведување на постапка за посредување согласно прописите кои ја уредуваат оваа постапка.

(2) Во случај на спор во врска со примената на овие Општи услови во поглед на односите помегу осигурувачот и осигуреникот/корисникот на осигурување за извршувањето, обемот и пристигнувањето на обврските ќе се примени Закон за облигациони односи ,регт за супервизија на осигурувањето , Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за возила и другите важечки законски и подзаконски акти.

(3)Согласно со Законот за супервизија на осигурувањето , член 107 и член 108, податоците за осигуреникот и полисата се доверливи.

(4)Осигурувачот нема обврска за исплата на настанатата штета, доколку побарувањето за истата е застарено согласно одредбите од Законот за облигационите односи.

(5) Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот,осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје.

(6)Орган надлежен за супервизија на друштвото за осигурување е Агенцијата за супервизија на осигурување до која осигуреникот ,корисникот или трето лице може да се обрати со допис или барање за заштита на своите права, поднесување на жалби или преставки.